ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број: 13 – 245/8**

**Дата:** 21.10.2013

**ДО**
**ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ „СТУДЕНЧИЦА“ ДРУГОВО**
**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усоласеност на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ Другово (во понатамошниот текст: јавното претпријатие) за 2012 година.
Извршена е ревизија на финансиските извештаи на јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ за 2006 година и е изразено негативно мислење за вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба и за резултатот од финансиските активности и мислење со резерва за законско и наменско користење на средствата.

Со ревизијата на превземените мерки по дадените препораки се констатира дека јавното претпријатие делумно превземало мерки по дадените препораки во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

За финансиските извештаи за 2012 година на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ Другово изразено е негативно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаји и мислење со резерва за усогласеноста со законската регулатива, упатствата и воспоставените политики.
Со извршената ревизија констатирани се одредени состојби меѓу кои позначајни се:

- не е извршено определување на основната главнина од страна на основачот, покривање на загубата од претходни години и запишување на основната главнина во надлежниот регистар;
- превземени се активности за изградба, опремување и пуштање во работа на мала хидроелектрана Добреноец на Регионалниот водоснабдителен систем „Студенчица“ по системот „клуч на рака“ без притоа да се превземат

активности за обезбедување на дозвола за вршење на дејност – производство на електрична енергија и други погонски потреби;
- не е извршено усогласување на постојните сметководствени политики со Правилникот за водење на сметководството;
- Статутарните одредби на јавното претпријатие не се усогласени со измените и дополнувањата на Законот за јавните претпријатија;
- Истечен е мандатот на членовите на Управниот одбор, односно на член на Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиско работење;
- пописот на средствата и обврските и известувањето по истиот е извршен со одредени недоследности, итн.

Извршивме обелоденување на неколку состојби кои имаат влијание врз понатамошниот континуитет на јавното претпријатие меѓу кое и за: превземените активности за разрешување на статусот на бесправно изградените објекти од 1977 до 1982 година и наведување на прашања битни за функционирање и користење на Регионалниот водоснабдителен систем „Студенчица“.

Вршителот на должноста директор на јавното претпријатие на ден 30.09.2013 година достави забелешки по нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усоглсеност за 2012 година, кои по својата содржина преставуваат известување за преземените мерки за надминување на утврдените состојби а постапувањето на надлежните органи на утврдената состојба во точка 4.1.3. соодветно ќе биде обелоденето во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи (страна 14 до 17) заедно со ревизија на усогласеност на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ Другово за 2012 година кои се состојат од Биланс на состојбата (Извештај за финансиската состојба) на ден 31 декември, Биланс на успех (Извештај за добивка или загуба), Извештај за промените во главнината и Извештај за паричните текови за годината која завршува со тој датум и Преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансискиот извештај од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија на финансиските извештаи на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ за 2006 година и е изразено негативно мислење за вистинито и објективно прикажување на финансиската состојба и за резултатот од финансиските активности и мислење со резерва за законско и наменско користење на средствата.

1.4. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ Другово за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.5. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Гоце Наќески, директор од 20.05.2009 година до 20.05.2013 година, а од 21.05. 2013 година вршител на должноста директор.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска

регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансискиот извештај се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ Другово се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали е резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.
Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки

зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 22.04. до 14.06. 2013 година кај Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ Другово.

## 3. Осврт на ревизијата за 2006 година – спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфаќа ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на ОДР за 2006 година. Со ревизијата на превземените мерки по дадените препораки се констатира дека јавното претпријатие делумно превземало мерки по дадените препораки во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор (Преглед 1).

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 11.07.2013 година.

Вршителот на должноста директор на јавното претпријатие на ден 30.09.2013 година достави забелешки по нацрт извештајот за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усоглсеност за 2012 година.

Забелешките се разгледани и истите по својата содржина преставуваат известување за преземените мерки за надминување на утврдените состојби а постапувањето на надлежните органи на утврдената состојба во точка 4.1.3. соодветно ќе биде обелоденето во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

Текстот на забелешките по Нацрт извештајот на ОДР и одговорот на забелешките се дадени во прилог на Конечниот извештај.

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

4.1.1. Јавното претпријатие во трговските книги со состојба 31.12.2012 година на сметката основна главнина - запишан и уплатен капитал, искажал вкупен износ од 441.452 илјади денари, кој износ е понизок за 45.146 илјади денари од определениот со Одлуката број 23-3213/1 од 12.06.2001 година, донесена од Владата на Република Македонија. До денот на ревизијата, јавното претпријатие не извршило запишување на основната главнина во надлежниот регистар и покривање на пренесената загуба од претходните години. Ваквата состојба не е во согласност со одредбите на член 7 од Законот за јавните претпријатија и одредбите од Законот за трговски друштва и има за ефект неможност од потврдување на реалноста и веродостојноста на основната главнина и достапноста на правно релевантните податоци за претпријатието.

Во текот на 2010 година и 2012 година превземени се одредени активности од страна на јавното претпријатие и основачот за надминување на утврдената состојба, но до денот на известување од извршената ревизија утврдената состојба не е надмината.

**Препорака**

Надлежниот орган на јавното претпријатие во соработка со основачот да пристапат кон донесување на акт за утврдување на основната главнина и покривање на загубата од претходни години и запишување на утврдената основна главнина во надлежниот регистар.

4.1.2. Управниот одбор на јавното претпријатие на ден 30.01.2009 година донел Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за делење на ЈП за водоснабдување „Студенчица“ и Злетовица ЦО Скопје со која освен дејноста - собирање, обработка и снабдување со вода се врши проширување на дејноста - производство на електрична енергија, за која е добиена согласност од основачот на претпријатието и е извршено запишување на проширувањето на дејноста во Централниот регистар на Република Македонија. На ден 31.01.2012 година склучен е договор за изведување на работите на проектирање, изградба, опремување и пуштање во работа на мала хидроелектрана Добреноец на Регионалниот водоснабдителен систем „Студенчица“ по системот „клуч на рака“ и спроведување на постапка за добивање на решение за користење на повластена тарифа, според Проектната задача, без притоа да се обезбеди дозвола за вршење на дејност – производство на електрична енергија и други погонски потреби. Ваквата состојба не е во согласност со член 28 од Законот за води во кој е наведено дека „Дозволата ... е потребна заради извршување на активности, коишто влијаат или можат да влијаат врз режимот на водите и/или врз морфологијата на водното тело, особено во случаи на: ... производство на електрична енергија и други погонски

потреби ...“. Утврдената состојба создава ризик јавното претпријатие да не ја обезбеди потребната дозвола и покрај тоа што објектот е во завршна фаза на изградба.

Од страна на менаџментот на јавното претпријатие на ден 17.07.2013 година доставено е барање до Министерството за животна средина и просторно планирање за дополнување на дозволата за користење на вода.

**Препорака**

Јавното претпријатие да продолжи со преземените мерки и активности за обезбедување на дозвола за вршење на дејноста производство на електрична енергија и други погонски потреби.

4.1.3. Водењето на трговските книги јавното претпријатие го врши врз основа на сметководствени политики донесени и изменети/дополнети во текот на 2007 година од страна на Управниот одбор. Истите се донесени врз основа на Правилникот за водење на сметководството кој е во примена од 01.01.2005 година. Во текот на 2009 година донесен е нов Правилник за водење на сметководството чија примена е од 01.01.2010 година со што претходно наведениот Правилник престанува да важи. Јавното претпријатие не превземало активности за усогласување на претходно донесените сметководствени политики за водење на трговските книги што не е во согласност со точка 45 од МСС 1 – Презентирање на финансиските извештаи и МСС 8 Сметководствени политики, промена на сметководствените процени и грешки. Ваквата состојба влијае на квалитетот на финансиските извештаи и информациите кои ги даваат истите. На ден 21.08.2013 година јавното претпријатие до ревизијата достави (по електронска пошта) основни сметководствени политики и акт од надлежниот орган за нивно усвојување.

**Препорака**

Надлежните органи на јавното претпријатие да ги задолжат лицата за водење на трговските книги да обезбедат целосна и правилна имплементација на пропишаните/донесените сметководствени политики.

4.1.4. Пречистениот текст на Статутот на јавното претпријатие е донесен на ден 30.10.2009 година без притоа надлежните органи да превземат активности за усогласување на истиот со одредбите од Законот за јавни претпријатија (Службен весник на Република Македонија број 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12). Наведената состојба предизвикува во Статутот на претпријатието да бидат содржани одредби кои не се усогласени со одредбите од Законот за јавни претпријатија.

Управниот одбор на јавното претпријатие на ден 07.05.2013 година донел одлука за усвојување на Статут кој е усогласен со одредбите на Законот за

јавните претпријатија и истиот го доставил до надлежните институции за обезбедување на мислење по истиот.

Законскиот застапник на субјектот во месец август 2013 година достави акт со кој се потврдува дека Владата на Република Македонија на седницата одржана на ден 14.08.2013 година дава согласност на Статутот на Јавното претпријатие, поради што ревизијата не дава препорака за утврдената состојба.

4.1.5. Основачот на јавното претпријатие донел повеќе Одлуки за именување/разрешување на членови на Управниот одбор, односно Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење во ЈП Студенчица – Другово. Со извршениот увид во донесените одлуки од основачот ревизијата утврди: од вкупно осум (8) членови на Управниот одбор, на два (2) члена им е истечен мандатот; и од вкупно пет (5) членови во Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење на еден (1) член му е истечен мандатот, при што на истите и понатаму се исплаќа надомест на име месечен паушал. Ваквата состојба не е во согласност со член 17 и член 26 од Законот за јавните претпријатија и предизвикува во управувањето со јавното претпријатие односно во контролата на материјално финансиското работење да учествуваат лица чиј мандат е истечен.

На ден 24.01.2011 и на ден 01.02.2013 година одговорното лице во јавното претпријатие испратило Ургенција до основачот, Владата на Република Македонија, со кој го известува дека мандатите на лицата именувани за членови на управниот и надзорниот одбор е истечен, но до денот на ревизијата не е надмината утврдената состојба.

**Препорака**

Основачот да пристапи кон именување на лица членови на надзорниот одбор, односно членови на управниот одбор чиј мандат е истечен.

## 4.2. Финансиски извештаи
## Биланс на состојба

4.2.1. Со извршената ревизија на начинот на: извршениот попис на средствата и обврските; нивната евиденција во трговските книги; Извештаите од извршениот попис и презентираниот пописни листи/материјали со состојба 31.12.2012 година констатирани се подолу наведените состојби:

- Извештајот за извршениот попис на постојните (основните средства, ситен инвентар во употреба и други туѓи средства) и Извештајот за извршен попис на готовина на пари во благајна, побарувања и обврски со состојба на ден 31 декември 2012 година, не содржат податоци за сметките на кои се искажани средствата/обврските и

нивните вредности по сметководствената евиденција и по попис (фактичката состојба) и не е презентиран акт за извршено усогласување на сметководствената со фактичката состојба на 31.12.2012 година[1]. Кон Извештајот за извршениот попис на постојните (основните средства, ситен инвентар во употреба и други туѓи средства) приложени се 29 пописни листи во кои се презентирани податоци за извршен физички попис по место положба на самите средства (назив и количина на средства) без податоци за вредноста и аналитичките сметки на стредствата предмет на пописот[2] ;

- пописната комисија дала два предлози, за расходување на основни средства и за бришење од евиденција на неупотреблива стара ХТЗ опрема до 2009 година, за кои не е се наведени вредности во прегледите и во извештајот од попис, истите се усвоени од Управниот одбор но не се превземени активности за спроведување на потребните трансакции во трговските книги;
- не се презентирани пописни листи за извршен попис на земјиштето, за дел од градежни објекти и на нематеријалните средства – издатоци за развој, кои се однесуваат на проекти, студии, ревизии на проекти, елаборати и друго;
- утврдени се разлики помеѓу искажаните износи во трговските книги на сметките за материјални и нематеријални средства и износите на истите во Прегледот „Пресметка на амортизација“, заради што ревизијата не може да го потврди искажаниот износ на пресметаниот расход на амортизација за 2012 година во износ од 15.077 илјади денари;
- не е утврдена старосната структура на искажаните состојби на побарувањата од купувачите во износ од 94.322 илјади денари;
- во извештајот од извршениот попис на материјалните средства (градежни објекти и земјишта) не се презентирани податоци за кои градежни објекти и земјиште не е обезбеден соодвтен документ за стекнување на правото на сопственост/користење на земјиштето и градежните објекти и нивно запишување во соодветниот катастар.

Утврдените состојби не се во согласност со одредбите од Законот за трговски друштва, Правилник за начинот за вршење попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот, Законот за катастар на недвижности и Законот за сопственост и други стварни права, што има за ефект неможност од

[1] во член 12 од Правилникот за начинот за вршење попис ... и во член 473 став 1 од Законот за трговски друштва (Службен весник на Република Македонија број 28/04; 84/05; 25/07; 87/08; 42/10; 48/10, 24/11, 166/12 и 70/13) утврдена е обврската, најмалку еднаш годишно да се врши попис и усогласува сметководствената состојба на средствата и обврските со фактичката состојба утврдена со пописот.

[2] според член 10 точка 4 од Правилникот за начинот за вршење попис ... „Пописните листи се составуваат посебно според аналитичките сметки на средствата и обврските кои се предмет на пописот во најмалку два примерока„.

потврдување на реалноста и објективноста на податоците презентирани во финансиските извештаи, намалување на квалитетот на финансиските извештаи и информациите кои ги даваат истите.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење со јавното претпријатие да ги задолжат одговорните лица за:

- извршување на пописот согласно законските и подзаконските акти и евидентирање на потребните настани/промени по истиот во трговските книги;
- вршење целосен попис на земјиштето, градежните објекти, техничката документација и други средства и усогласување со сметководствената состојба;
- утврдување на фактичката состојба за земјиштето и градежните објекти за кои недоставуваат соодветни и веродостојни документи и давање соодветни предлози за надминување на констатираната состојба.

4.2.2. На сметката побарување од купувачи во земјата со состојба на 31.12.2012 година, јавното претпријатие искажува износ од 94.322 илјади денари. Со извршената ревизија на поткрепувачката документација ревизијата ги утврди подолу наведените состојби и тоа:

- на 05.05.2011 година јавното претпријатие пристапува кон склучување на спогодби и потпишување на изјави (заверени кај нотар) со јавните комунални претпријатија и јавните претпријатија корисници на вода од Регионалниот водовод Студенчица. Со наведените акти договорните страни вршат уредување на меѓусебните права и обврски односно уредување на статусот на побарувањата кои потекнуваат од 1999 година до 31.03.2011 година и прекинување на нивната застареност. Јавното претпријатие не превземало активности за пропишување на политики за начинот на презентирање на сметководствените настани во трговските книги по основ на погоренаведените акти;
- презентиран е преглед на утужени побарувања во вкупен износ од 99.505 илјади денари по фактури започнувајќи од 1999 година кој е составен дел на извештајот за попис и Извештајот за работа за 2012 година, без притоа во истиот да бидат наведени информации за статусот на отпочнатите судски постапки (завршени – со правосилна и извршна пресуда, постапки во тек, повлечени тужби и друго) и дали соодветниот комитент (корисник на вода) редовно ги подмирува обврските што претставува основа за превземање или не превземање

на активности за наплата на побарувањето од страна на јавното претпријатие што е уредено со член 10 од Спогодбите[3];

- јавното претпријатие во известувачкиот период превземал одредени активности за усогласување на финансискиот резултат (пренесена загуба од претходни години) со побарувањата од претходни години како ефект кои произлегува од склучените спогодби без притоа да изврши зголемување на побарувањето од купувачи кои се однесуваат за 2011 и 2012 година за износ од 4.591 илјади денари, усогласување на финансискиот резултат за 2011 година и за 2012 година, зголемување на приходите за 2012 година и создавање обврска за данок на додадена вредност. За надминување на утврдената состојба во месец април 2013 година со налог за книжење број ИФ000304 јавното претпријатие ги спроведува потребните трансакции во трговските книги;
- на аналитичките сметки побарувања од купувачи во земјата на име пресметана камата од претходни години искажан е вкупен износ од 10.504 илјади денари за кои согласно одредбите од склучената спогодба со конктретниот корисник на вода и застареноста на побарувањето исполнети се условите за отпишување на истите.

Наведените состојби не се во согласност со одредбите на Законот за облигационите односи, Правилникот за водење на сметководството и одредбите од склучените спогодби и предизвикуваат намалување на квалитетот на финансиските извештаи и информациите кои ги даваат истите.

**Препорака**

Надлежните органи на јавното претпријатие да ги задолжат лицата за водење на трговските книги да презвеземат активности за воспоставување на потребните евиденции и обезбедување ажурно и хронолошко евидентирање на сметководствените настани.

**Вкупни ефекти од наодите**

Вкупниот ефект од утврдената состојба е недонесен акт за утврдување на основната главнина и нејзино запишување во надлежниот регистар, недонесени/усвоени сметководствени политики со примена од 01.01.2010 година, недоследности во извршувањето на пописот и неможност од потврдување на реалноста и објективноста на искажаните побарувања од купувачите.

[3] во член 10 од Спогодбата е уредено „По утужените побарувања, против Корисникот на услуга, завршени со правосилна и извршна пресуда, давателот на услугата ќе се воздржува да спроведе извршување, само доколку Корисникот на услуга редовно ги исполнуваат обврските по оваа спогодба. Во спротивно Давателот на услугата ќе преземе дејствија за наплата на своите побарувања во полн износ согласно законот за извршување, а извршените плаќања од страна на Корисникот на услугата не се земаат како исполнување на неговите обврски како е уредено со оваа спогодба“.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според, наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.2. финансиските извештаји не ја прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ Другово на ден 31 декември 2012 година.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, освен за ефектите на прашањата изнесени во точката 4.1. и 4.2. активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ Другово, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

6.1. На ден 09.05.2013 година јавното претпријатие до Владата на Република Македонија доставило известување дека започнувајки од 01.04.2013 година ги става вон сила/ги раскинува склучените спогодби од 05.05.2011 година со „Водовод и канализација“ Македонски Брод; „Долнени“ Долнени и „Комуна“ Крушево и од 10.09.2012 година со: „Комуналец“ Кичево; „Пласница“ Пласница (спогодба од 10.09.2012 година); за да во исто време отпочне активности за склучување на нови спогодби. Наведената активност ќе предизвика соодветно влијание во трговските книги на претпријатието.

6.2. Управниот одбор на ЈП Студенчица – Другово во текот на 2012 година донел повеќе одлуки со кои одобрил слободните парични средства на ЈП Студенчица – Другово да се орочуваат во деловни банки, на одредено време со договорена камата. Согласно наведеното, состојбата на депонираните средства на 31.12.2012 година изнесува 80.000 илјади денари и на име камата остварени се приходи по овој основ во износ од 3.940 илјади денари.
Ревизијата укажува на потребата надлежните државни органи да преземат активности за пропишување на соодветни акти, критериуми, постапки за користење на слободните парични средства.

6.3. На ден 03.03.2011 година стапува во сила Законот за бесправно изградените објекти[4] со кој се уредуваат условите, начинот и постапките за евидентирање, утврдување на правен статус и санкционирање на бесправно изградените објекти. Заради примената на одредбите од наведениот закон

[4] Службен весник на РМ број 23/11, 54/11, 155/12, 53/13 и 73/13 година.

Владата на Република Македонија согласно Извадокот од Нацрт-записникот од шестата седница одржана на ден 23.08.2011 година, заклучила да ги задолжи помеѓу останатите субјекти и сите јавни претпријатија во законски утврдениот рок – 3 септември 2011 година[5] да поднесат барање за утврдување на правниот статус на бесправно изградените објекти од значење за Републиката, бесправни објекти од локално значење и бесправни објекти на здравствени установи за примарна, секундарна и терцијална здравствена заштита. Постапувајќи по законските одредби и дадените конкретни задолженија од страна на основачот јавното претпријатие на ден 01.09.2011 година доставува информација до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија и во тек превзема активности за разрешување на статусот на бесправно изградените објекти кои датираат од периодот 1977 до 1982 година.

6.4. Во Извештајот за својата работа јавното претпријатие наведува неколку констатации кои се битни за неговата функционалност и соодветно користење на Регионалниот водоснабдителен систем „Студенчица“, а кои се однесуваат во делот на: висината на цената на чинење на испорачаната количина на вода, начинот на користење на испорачаната вода, обезбедување на дополнителни количества на вода, воспоставување на далечински надзор и управување; санирање на водоводните мрежи кај корисниците од регионалниот водовод и друго. Наведената состојба укажува на потреба од превземање на мерки од надлежните органи, јавното претпријатие и корисниците на Регионалниот водоснабдителен систем „Студенчица“.

Скопје, 16.10.2013 година

[5] во член 5 точка 2 од Законот за постапување со бесправно изградените објекти е наведено „Рокот за поднесување на барање за утврдување правен статус изнесува шест (6) месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон“, односно до 03.09.2011 година.

## БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2012 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА | 40,508 | 40,767 |
| ОСТАНАТИ ПРИХОДИ | 2,750 | 19,772 |
| **Вкупни приходи од работењето** | **43,258** | **60,539** |
| ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ, МАТЕРИЈАЛИ, ЕНЕРГИЈА, РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ И СИТЕН ИНВЕНТАР | 3,389 | 3,070 |
| ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ | 2,227 | 1,407 |
| ПЛАТА, НАДОМЕСТОЦИ НА ПЛАТА И ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ | 21,041 | 18,431 |
| ТРОШОЦИ ЗА АМОРТИЗАЦИЈА | 15,078 | 14,727 |
| ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕЊЕТО | 3,608 | 3,176 |
| ВРЕДНОСНО УСОГЛАСУВАЊЕ (ОБЕЗВРЕДНУВАЊЕ) НА НЕТЕКОВНИ И ТЕКОВНИ СРЕДСТВА | - | 3,363 |
| ОСТАНАТИ РАСХОДИ | 98 | 265 |
| **Вкупно расходи од работењето** | **45,441** | **44,439** |
| ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ | 4,003 | 4,734 |
| ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ | 8 | - |
| ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ | 1,812 | 20,834 |
| ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ | 1,812 | 20,834 |
| **Данок од добивка** | **89** | **396** |
| НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА | 1,723 | 20,438 |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2012 | 2011 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ | 7,097 | 19,635 |
| ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ | 94,322 | 84,968 |
| ПОБАРУВАЊА ОД ДРЖАВНИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ | 1,001 | - |
| ПОБАРУВАЊА ОД ВРАБОТЕНИТЕ | 4 | 22 |
| КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА | 80,000 | 30,000 |
| ПЛАТЕНИ ТРОШОЦИ ЗА ИДНИ ПЕРИОДИ И ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ (АВР) | 51 | 78 |
| ЗАЛИХИ | 100 | 41 |
| **Вкупно тековни средства** | **182,575** | **134,744** |
| **Нетековни средства** | | |
| НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА | 2,249 | 949 |
| МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА | 249,136 | 250,482 |
| ДОЛГОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА | - | 50,000 |
| **Вкупно нетековни средства** | **251,385** | **301,431** |
| **Вкупна актива** | **433,960** | **436,175** |
| | | |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ СПРЕМА ДОБАВУВАЧИ | 316 | 347 |
| КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ ЗА ДАНОЦИ, ПРИДОНЕСИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ | 17 | 610 |
| ОБВРСКИ СПРЕМА ВРАБОТЕНИТЕ | 29 | - |
| ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ И КРАТКОРОЧНИ РЕЗЕРВИРАЊА | - | 96 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | **362** | **1,053** |
| **Главнина и резерви** | | |
| ОСНОВНА ГЛАВНИНА -ЗАПИШАН КАПИТАЛ | 441,452 | 441,452 |
| ПРЕНЕСЕНА ЗАГУБА | 9,577 | 6,330 |
| ДОБИВКА ОД ТЕКОВНАТА ГОДИНА | 1,723 | - |
| **Вкупно главнина и резерви** | **433,598** | **435,122** |

## П Р Е Г Л Е Д
## НА ПРОМЕНИ НА ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ

| ОПИС | Запишана, а неуплатена основна главнина | Добивка од тековната година | ПРЕНЕСЕНА ЗАГУБА И ЗАГУБА ЗА ТЕКОВНА ГОДИНА | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2012 година** | **441,452** | **-** | **6,330** | **435,122** |
| Добивка од тековната година | - | 1,723 | - | 1,723 |
| Отпис на побарувања по Спогодба со ЈКП | - | | 3,247 | 3,247 |
| **Состојба 31.12.2012година** | **441,452** | **1,723** | **9,577** | **433,598** |

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2012 ГОДИНА

во 000 денари

| | 2012/2011 |
|---|---|
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ | |
| НЕТО ДОБИВКА ПО ОДАНОЧУВАЊЕ | 1,723 |
| Усогласување за Трошоци / приходи кои не предизвикуваат одлив /прилив на парични средства | |
| Амортизација | 15,078 |
| Отпис на побарувања по одлука | 3,247 |
| Останати трошоци | 4,374 |
| **Готовински текови од работење** | **24,422** |
| ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ | (9,354) |
| ПОБАРУВАЊА ОД ДРЖАВНИ ОРГАНИ И ИНСТИТУЦИИ | (1,001) |
| ПОБАРУВАЊА ОД ВРАБОТЕНИТЕ | 18 |
| КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА | (50,000) |
| ПЛАТЕНИ ТРОШОЦИ ЗА ИДНИ ПЕРИОДИ И ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ (АВР) | 27 |
| ЗАЛИХИ | (59) |
| КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ ЗА ДАНОЦИ, ПРИДОНЕСИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ | (593) |
| ОБВРСКИ СПРЕМА ВРАБОТЕНИТЕ | 29 |
| ОСТАНАТИ КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ И КРАТКОРОЧНИ РЕЗЕРВИРАЊА | (96) |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **(36,638)** |
| ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ | |
| Нематеријални и материјални вложувања | 24,100 |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **24,100** |
| НЕТО НАМАЛУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА | (12,538) |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА | 19,635 |
| ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА | 7,097 |

Јавно претпријатие за водоснабдување
„СТУДЕНЧИЦА"
Бр. 03-1561/1
24.09.2013
Другово

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ
# СТУДЕНЧИЦА
П.фах 23 6261 Другово, Македонија
тел/факс:045 266 842, 266 154
e-mail:jpstudencica@yahoo.com

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
Примено: 30.09.2013

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 13 | 245/7 | | |

ДО
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Предмет :Забелешки по Нацрт-Извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2012 година на ЈП „Студенчица "Другово

Врска : Нацрт-Извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2012 година на ЈП „Студенчица "Другово

По Нацрт-Извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2012 година на ЈП „Студенчица "Другово примен на 26.08.203 година,имам забелешки по констации изнесени по следните точки :

Точка 4.1.1. По однос на констатацијата за понискиот износ на основната главнина од определениот со Одлуката бр.23-3113/1 од 12.06.2001 година донесена од Владата на Република Македонија истакнуваме дека тоа произлегува од одобрениот дисконт на обврските(долг од минати години и тековни и сукцесивни обврски) на ЈКП кон ЈП, по одлуки на Влада на Република Македонија,на основа кои се склучени поединечни спогодби со ЈКП.На ревизорскиот тим е презентирана,образложена и дадена е целокупната документација во врска со дадениот дисконт на ЈКП за долг од минати години,тековни и сукцесивни обврски.

По однос на прашањето за впишување на основната главнина мора да се има предвид фактичката состојба.Имено,на ЈП со основањето не му е предадена оргинална документација за запишување на имотот во КН. Во изминатиот период се преземени и сеуште се преземаат дејтвија за запишување на имотот на ЈП во КН, но поради немање на оригинална документација за целиот систем, тоа не може да се заврши. Со новиот Закон за катастар на недвижности се отвара можноста регионалниот водоснабдителен систем Студенчица , како инфраструктурен објект се запише во КН. Прашањето за запишување на водоснабдителниот систем Студенчица во КН ке биде изнесено и пред посебно тело -Комисијата за градежна експанзија при Владата на Република Македонија, каде проблемот ќе се изложи,со цел изнајдување на решение.Активноста е во тек ,а можно е состанокот да биде одржан кон крајот на месец септември 2013 година. Оттука, запишување на основна главнина ќе се изврши по запишување на системот во катастарот на недвижности ,вршење на проценка на системот , а во соработка со основачот ќе се утврди основната главнината и влогот на основачот,а следствено на тоа и запишување во ЦР на РМ.До тогаш останува постојната фактичка состојба.

Точка 4.1.2.Постапката пред Министерството за животна средина и просторно планирање на РМ за дополна на издадената **дозвола за користење на водата од РВСтуденчица,со вршење дејност :производство на електрична енергија, е во завршна фаза и очекуваме позитивен одговор.По конечниот извештај истата ќе ви ја доставиме во прилог.**

Точка 4.1.3.Сметководствените политики се донесени.Управниот одбор на ЈП донесе **Основни сметководствени политики бр. 02-1281/1-7/2 од 19.07.2013 година.**Сметам дека во конечниот извештај констатацијата по ова прашање требаше да се преформулира во смисол дека сметководствените политики во текот на вршење на ревизијата ЈП ги донесе и истите се врачени на ревизорскиот тим или да не се нотира во истиот .

Точка 4.1.5.Во надлежност на Осовачот е именување и разрешување на членови на Управен одбор и ОКМФР на Јавното претпријатие.Владата на Република Македонија на својата веб страница објави глас за избор на 1 (еден)член на управен одбор на ЈП.

Точка 4.2.1 **алинеа 1,2,3,4 и 6**

По однос на констатациите за извршениот попис со состојба 31.12.2012 година , со оглед на тоа што за период од неполни 3(три)месеци ЈП е обврзано да изврши попис за 2013 година,по ова точка целосно ќе се постапи при спроведување на новиот попис за 2013 година.

Точка 4.2.1.**алинеа 5**:По однос на старосната стуктура на побрувањата на ЈП ,истакнуваме дека истите не се застарени бидејки од страна на должниците(ЈКП ) дадена е **изјава заверена на нотар со која изричито го признаваат долгот , по фактури таксативно наведени во истата.Од изјавите со фактури таксативно наведени во истите е неспорно дека старосната стуктура на побарувања е утврдена.**Горенаведните изјави се презентирани, образложени и доставени на ревизорскиот тим при спроведување на ревизијата.**Со наведните изјави е опфатен најголемиот дел од побарувањата на ЈП .За останатиот дел до вкупната вредност од 94.322 илјади денари односно за износот 10.503.365,50 денари** Управниот одбор на ЈП на првата наредна седница ќе донесе одлука за вршење на отпис согласно склучените спогодби.

Гореизнесените забелешки по Нацрт-извештајот сметам дека се основани и издржани и како такви Насловот треба да ги прифати во конечниот извештај.

23.09.2013 година

Другово

ВД Директор

Гоце Накески,дипл.маш.инж.

Јавно претпријатие за водоснабдување СТУДЕНЧИЦА Другово

**Прилог: број 1**

**Одговор**
**на забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор**

Вршителот на должност директоророт на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ Другово на ден 30.09.2013 година достави забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2012 година на на Јавното претпријатие за водоснабдување „Студенчица“ Другово заведени во Државниот завод за ревизија под број 13-245/7.

Овластениот државен ревизор ги разгледа Забелешките на Нацрт извештајот и по истите се произнесе како што следува:

1. Упатените забелешки на **точката 4.1.1.** кои се однесуваат на: постоење разлика помеѓу искажаниот износ на сметката основна главнина – запишан и уплатен капитал и износот на истиот определен во Одлуката од 2011 година донесена од Владата на Република Македонија како и на не извршено запишување на основната главнина во надлежниот регистар и покривање на пренесената загуба од претходните години, **претставуваат известување** за причините за утврдената состојба и активностите кои ги презема јавното претпријатие за надминување на истата. Во известувањето помеѓу останатото се врши потврдување на утврдените состојби од страна на ревизијата и се наведува дека запишување на капиталот „ќе се изврши по запишување на системот во катастарот на недвижности, вршење на проценка на системот, а во соработка со основачот ќе се утврди основната главнина и влогот на основачот, а следствено на тоа и запишување во Централен регистар на Република Македонија“.

2. Упатените забелешки на **точката 4.1.2.** кои се однесуваат на отсуство на обезбедена дозвола за вршење на дејноста, производство на електрична енергија и други погонски потреби **претставуваат известување** за отпочнатата постапката пред Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија за обезбедување на дозвола. Преземените активности од страна на менаџментот на јавното претпријатие сеуште не резултирале со обезбедување на потребната дозвола односно постапката сеуште е во тек.

---

Ревизорски тим: Овластен државен ревизор

1. ____________________

2.____________________ ________________________

3.____________________

3. Упатените забелешки на **точката 4.1.3.** кои се однесуваат на непреземени активности за усогласување на претходно донесените сметководствени политики за водење на трговските **книги со новиот Правилн**ик за водење на сметководството **претставуваат известување** за превземените мерки за надминување на утврдената состојба Управниот одбор, донел Одлука за усвојување на Основни сметководствени политики на ЈП за водоснабдување „Студенчица". Другово (архивирана под број 02-1281/1-7/1) на ден 19.07.2013 година која е доставена до Државниот завод на ревизија (по електронска пошта) на ден 21.08.2013 година. Преземените активности соодветно ќе бидат обелоденети во конечниот извештај на овластениот државен ревизор а дадената препорака соодветно преформулирана во насока на обезбедување целосна примена на донесените сметководствени политики.

4. Упатените забелешки на **точката 4.1.5.** кои се однесуваат на исплаќање на надомести на име месечен паушал и покрај истекот на мандатот и тоа: на два (2) члена на Управниот одбор и на еден (1) член на Надзорниот одбор за контрола на материјално финансиското работење **претставуваат известување** за преземените активности за надминување на утврдената состојба. Владата на Република Македонија на својата веб страна објавила оглас за избор на еден (1) член на Управниот одбор на јавното претпријатие. По извршениот увид на наведената веб страна ревизијата утврди дека Владата на ден 06.09.2013 година објавила оглас за пројавување на интерес за ангажирање во Управни и Надзорни одбори[1] во кој помеѓу останатите позиции за кои се бара пројавување на интерес е и за еден (1) член на Управниот одбор на ЈП за водоснабдување „Студенчица". Со наведениот оглс предвидено е доставување на документите заклучно со 25.09.2013 година.

5. Упатените забелешки на **точката 4.2.1. алинеја 1, 2, 3, 4 и 6** кои се однесуваат на утврдени неправилности за начинот на извршениот попис на средствата и обврските; нивната евиденција во трговските книги; како и на содржината на Извештаите од извршениот попис со состојба 31.12.2012 година **претставуваат известување** за мерките и активностите кои ќе бидат преземени во иднина. Имено по оваа точка целосно ќе се постапи при спроведување на новиот попис за 2013 година.

---

[1] чие именување е во директна или индиректна надлежност на Владата на Република Македонија.

Ревизорски тим: Овластен државен ревизор

1. ______________________
2. ______________________ ____________________________
3. ______________________

6. Упатените забелешки на **точката 4.2.1. алинеја** 5 која се однесува на не утврдената старосна структура на искажаната состојба на побарувањата од купувачите во износ од 94.322 илјади денари при вршењето на пописот и соодветна нивна евиденција во трговските книги **претставуваат известување** односно давање образложение дека „истите не се застарени" наведувајќи ги активностите кои ги преземало јавното претпријатие за продолжување на застареноста. Воедно е истакнато дека „Од изјавите со фактури таксативно наведени во истите е неспорно дека старосната структура на побарувањата е утврдена". Ревизијата не го оспорува наведеното, но утврдената состојба останува и понатаму од причини што од страна на јавното претпријатие не е извршено: соодветно користење на податоците од изјавите при вршење на попис на побарувањата; утврдување на нивната старосна структура со истиот; презентирање на податоците за утврдената старосна структура во Извештајот за извршениот попис и вршење нивна соодветна евиденција во трговските книги.

Скопје, 16.10.2013 година

---

Ревизорски тим: Овластен државен ревизор

1. ______________________

2.______________________ ______________________________

3.______________________